# Информации
## Данокот и пензијата

Пензијата е еден од најефикасните начини за инвестирање во поглед на данокот и одличен начин да се заштеди за пензија. Повеќето луѓе ќе платат помалку данок на парите инвестирани во пензија отколку ако биле инвестирани на други места.

## Како се оданочува пензијата?

### Данок на уплати

Кога уплаќате за пензија, некои уплати се оданочуваат, а некои не, во зависност од тоа како парите биле оданочени пред да се уплатат во фондот.

Уплатите пред данок (concessional), како оние направени од страна на работодавачот и тн. salary sacrifice уплати, се оданочуваат со помала даночна стапка, односно по стапка од 15%.

Поединци помлади од 50 години може да прават уплати пред данокот во износ до $25,000 во годината и тие се оданочуваат со 15%. Уплатите пред данок над овој износ се оданочуваат со 46.5% (вклучувајќи ја Medicare levy).

Ако сте постари од 50 години, може да имате до $50,000 уплати пред данокот во годината пред да бидете оданочени по повисока стапка (до 30 јуни 2012).

Уплатите после данок (non-concessional) не се оданочуваат кога се уплаќаат во пензија зашто тие веќе биле предмет на данок на приход.

Овие уплати се ограничени до $150,000 по лице годишно или $450,000 за време од три години за лицата под 65 години. Уплатите над овие износи се оданочуваат по стапка од 46.5%.

Ако заработувате под $61,920 и сте под 71 година, и уплаќате во пензија после данокот, може да ви следуваат уплати од државата до $1,000. Овие уплати од државата не се оданочуваат (постојат услови).

### Даночни броеви (Tax File Number) (TFN)

Горенаведените стапки важат под услов ако сте го известиле вашиот пензиски фонд за вашиот даночен број TFN. Ако не сте го кажале вашиот TFN вие може да платите данок по стапка од 46.5% на уплатите за пензија. Пензиските фондови не прифаќаат уплати после данокот од вас ако не сте го кажале вашиот TFN.

### Данок на заработувачка од инвестиции

Заработувачката од инвестиции се оданочува по стапка од 15%. Овој данок се одбива од кредитната стапка (каматна стапка која важи за вашите инвестиции), заедно со таксите за раководење на инвестициите, пред заработувачката да се кредитира на вашата сметка на 31 декември и 30 јуни секоја година.

### Данок на извадени пари од пензиски сметки

Парите извадени од пензиска сметка во готовина од оданочен фонд (како AustralianSuper) обично се без данок за луѓето постари од 60 години. Ова ги вклучува еднократните износи како и пензиските исплати.

За оние под 60 години и на кои им следува да добиваат бенефиции, оданочувањето на исплатите се сведува на два дела: без данок и дел кој се оданочува.

Правилата за оданочување на исплатите на еднократните износи за лицата под 60 години се наведени подолу:

| Дел | Оданочување |
|---|---|
| Без данок | Не се плаќа данок |
| Се оданочува (вклучува Medicare levy) | • На возраст под 55, се оданочува 21.5%*<br>• На возраст меѓу preservation age и 59 години, првите $165,000 се без данок и остатокот се оданочува 16.5%* |

*Вклучува Medicare, не вклучува Flood levy.

За да ги пресметате деловите за пензија, може да добиете пресметка од MemberOnline или јавете ни се нам.

### Даночни одбитоци

Некои луѓе имаат право да побаруваат повраќај на данокот на износи уплатени во пензија кои можеби веќе биле оданочени. Ова може да вклучува:

- вработени каде работодавачот не обезбедува, и нема обврска да обезбедува, пензиски допринос
- целосно самовработени, или
- во голема мерка самовработени каде, обично, достапниот (и било кој исклучен) приход плус известен фринџ бенефит кои го добиваат, врз кој се засноваат уплатите на работодавачот, е помалку од 10% од нивниот целосен достапен приход.

### Повеќе информации

Интернет страната на Australian Taxation Office (ATO) www.ato.gov.au/super располага со многу информации за пензиите и данокот. Или, може да се јавите на AustralianSuper на **1300 300 273** или појдете на **www.australiansuper.com**

Сите наведени стапки погоре се однесуваат на финансиската година која почнува на 1 јули 2011 и може да се промената во иднина.

Важни информации: Овој документ е издаден во октомври 2011 од страна на AustralianSuper Pty Ltd ABN 94 006 457 987 AFSL 233788, Trustee of AustralianSuper ABN 65 714 394 898. Овој документ е од општа природа и не ги зема во предвид вашите лични цели, ситуација или потреби. Пред да направите одлука за AustralianSuper, разгледајте ги вашите финансиски барања и прочитајте го нашиот Product Disclosure Statement, достапен на **www.australiansuper.com/pds** или ако се јавите на **1300 300 273**. Логото на Industry Super Fund е користено со дозвола на Industry Fund Services (IFS). Ова одобрување не е отповикано до денот на публикацијава.